АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26.02.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1114 | 1 | |

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен;

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 23 јануари 2019 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 26 февруари 2019 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 04.12.2018 година, за непочитување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16,19 и 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица, директорот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-542, од 04.12.2018 година) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (04.12.2018 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 23 јануари 2019 година, на државно ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **делумно постапил по решението за изрекување мерка - опомена**, односно - не ја отстранил извршената повреда на член 50 став 3 од

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица *(објавите - промотивните најави за програмите задолжително треба да бидат обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува).*

Спротивно на Законот и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица, промотивните најави за играните програми, серијалите - „*Викинзи*" и „*Падот*", на 23 јануари 2019 година, не беа обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува.

**23 јануари 2019 г.**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** | |
| „***Викинзи***" – најава за играна програма – серијал; | 07.48:12 | 07:49:36 | Промотивните најави за играната програма не се обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува |
| | 08:17:14 | 08:18:39 | |
| | 09:25:28 | 09:26:52 | |
| | 09:49:38 | 09:51:03 | |
| | 10:14:43 | 10:16:08 | |
| | 10:56:51 | 10:58:16 | |
| | 12:20:52 | 12:22:16 | |
| | 12:54:35 | 12:55:59 | |
| | 13:50:49 | 13:52:06 | |
| | 14:00:54 | 14:02:01 | |
| | 14:26:35 | 14:27:43 | |
| | 15:01:17 | 15:02:25 | |
| | 15:16:35 | 15:17:46 | |
| | 15:57:44 | 15:58:52 | |
| | 17:02:17 | 17:03:16 | |
| | 19:15:57 | 19:17:05 | |
| | 20:59:50 | 21:00:57 | |
| | 22:01:50 | 22:02:58 | |
| ***Падот***" – најава за играна програма – серијал; | 07:50:04 | 07:51:03 | |
| | 09:27:20 | 09:28:19 | |
| | 09:51:30 | 09:52:29 | |
| | 10:16:35 | 10:17:34 | |
| | 10:58:43 | 10:59:42 | |
| | 12:22:44 | 12:23:43 | |
| | 12:56:26 | 12:57:25 | |
| | 14:03:02 | 14:04:00 | |
| | 15:02:59 | 15:03:58 | |
| | 15:19:20 | 15:20:21 | |
| | 21:00:58 | 21:01:56 | |
| | 22:02:59 | 22:03:58 | |
| | 22:44:08 | 22:45:07 | |
| | 23:10:58 | 23:11:57 | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица**, на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 23 јануари 2019 година - промотивните најави за играните серијали – „Викинзи" и „Падот" не беа обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува.

9. **Предлог мерка:**

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***